ANIMA MUNDI
Здружение за заштита на животни • Animal Protection Association
Ордан Пиперката 33, 1000 Скопје•Тел: 070 / 234 906
anima.mundi.sk.mk@gmail.com

**До: Претседател на Собрание на РМ, Г-дин Трајко Вељаноски**
**Претседател на Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство, Г-ѓа Ленче Николовска**
**Членови на Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство**
**Координатори на пратенички групи**
**Агенција за храна и ветеринарство**

**Предмет: Предлог амандмански измени на Нацрт законот за заштита и благосостојба на животните - Молба за поддршка**

Почитувани,

Во контекст на поднесениот Предлог закон за заштита и благосостојба на животните (објавен на 30.11.2013, на Единствениот национален електронски регистер на прописи во Р. Македонија), ние, Здружението за заштита на животни „Анима Мунди" www.anima-mundi.org.mk, поддржани од повеќе македонски здруженија за заштита на животните, а во соработка со повеќе европски експерти и организации кои дејствуваат во доменот за заштитата и благосостојбата на животните и тоа:

- Г-динот Едоардо Гандини, претставник на Европската мрежа адвокати и комесари за имплементација на законите за заштита и благосостојба на животните
- Европска коалиција за прекин на експерименти врз животните
- Светска организација за заштита на животните ОИПА интернешнал, поврзана со секторот за јавна информираност при ОН
- Интернационална организација за заштита на животните „Animal Defenders International"

**Ви ги доставуваме Предлог амандманските измени на Нацрт законот за заштита и благосостојба на животните.**

**Воедно, приложуваме писмо на поддршка од страна на претставници на ЕУ Парламент кон нашите предлог барања, пред сè барањето за законска забрана за усмртување (еутаназија) на бездомни животни во Р. Македонија.**

**Со овој допис замолуваме за Ваша поддршка на предлог амандманите кои Ви ги приложуваме, со што ќе придонесете кон одбрана на хуманоста кон животните и придонесете во процесот на носење на закон кој ќе биде во согласност со европското законодавство.**

Односот кон животните можеби не е најважниот проблем во нашето општество, но токму тој однос ја покажува нашата морална димензија, големина, нашиот капацитет да сочувствуваме и да се заложиме и за оние кои зависат од човековата милост и хуманост. Односот кон послабите е суштинската вредност која од нас прави или не прави луѓе.

Се надеваме дека нашите барања, коментари и амандмани врз Нацрт законот ќе бидат сериозно земени предвид и уважени, како и дека ќе биде покрената јавна расправа во однос на предлог Законот, со што ќе го унапредиме Законот за заштита на животните во неговата суштинска

смисла (согласно стандардите на ЕУ легислативата), при што ќе се задоволат барањата и ставовите на големото мнозинство македонски граѓани – љубители на животните.

Со почит,

Здружение за зашитита на животни „Анима Мунди„
Столе Велковски, претседател; контакт 077 487 253, 077 487 255
Наталија Радивојевиќ Миленкова, адвокат контакт: 077 742 324




Прилог:

1. **ПРЕДЛОГ АМАНДМАНИ во ОДНОС НА НАЦРТ ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА И БЛАГОСОСТОЈБА**

2. **ПИСМО НА ПОДДРШКА ОД ЕУ ПАРЛАМЕНТАРЦИ и АПЕЛ ПРОТИВ УБИВАЊЕ НА БЕЗДОМНИТЕ ЖИВОТНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
3. **ВИДЕО КЛИП - ЈАВНИ ЛИЧНОСТИ ОД МАКЕДОНИЈА ПРОТИВ ЕУТАНАЗИЈАТА**
4. **ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ – 89% ПРОТИВ УБИВАЊЕ НА КУЧИЊАТА**
5. **ФОТОГРАФИИ – СТАЦИОНАРИ ЗА БЕЗДОМНИ ЖИВОТНИ ВО МАКЕДОНИЈА**